РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4184/1
30.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **Радиодифузерите кои се во Регистрите на ДИК за ППР**

**За:** **Управителите/директорите и одговорните уредници**

**Предмет:** **Потсетување за доставување снимки/медиа планови/договори за платено политичко рекламирање**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Изборниот законик ја обврзува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги потврди извештаите за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) на радиодифузерите за време на изборната кампања, кои се составен дел на документацијата врз основа на која Државната изборна комисија ја врши исплатата на средствата од Буџетот на државата за оваа намена.

Согласно *Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање*, **Агенцијата ќе ги потврди извештаите за реализирани услуги само врз основа на претходно направени анализи на доставените документи од ваша страна и на снимките од емитуваното платено политичко рекламирање.**

Во овој контекст ве потсетуваме дека според Изборниот законик сте должни да го снимате излезниот сигнал на својата програма и снимките да ги чувате најмалку 30 дена по завршување на изборите, а на барање на Агенцијата да доставите снимки или други податоци поврзани со медиумското претставување за изборниот процес, најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето.

Бидејќи, Агенцијата во својот систем за мониторинг има снимки од повеќе програмски сервиси, засега **снимки, само за реалните часови во кои ќе емитуваат ППР, треба да доставуваат следниве радиодифузери:**

| ТЕЛЕВИЗИИ | РАДИЈА |
|---|---|
| 1. ТВ Феста | **<u>Сите радија на локално ниво</u>** што се регистрирани за емитување платено политичко рекламирање |
| 2. ТВ Кочани | |
| 3. ТВ Њуз | |
| 4. ТВ Плус | |
| 5. ТВ Протел | |
| 6. ТВ Свет | |
| 7. ТВ Гурра | |

**Сите други радиодифузери ќе доставуваат снимки по потреба, за периодите за кои ќе им биде побарано од страна на Агенцијата.**

Видео снимките треба да бидат направени во форматите „MPEG-4“ или „AVI“, а радио снимките во форматот „MP3“. **Снимките треба да се прикачуваат исклучиво на FTP серверот креиран од Агенцијата за потребите на мониторингот.** Линкот за пристап до серверот е наведен во Упатството (FileZillaGuide_new) што ви го испраќаме во прилог на овој допис, а во кое има насоки за тоа како треба да се прикачат снимките на серверот. Агенцијата подготви и две видео упатства за начинот на прикачување на снимките на серверот, кои се достапни во посебниот банер „Локални избори 2025“ на веб страницата на Агенцијата.

Во насловот на секоја аудио или видео снимка треба да стојат следните податоци: краткото име на радиодифузерот, датумот и реалниот час на кој се однесува снимката (на пример, од 10:00 до 11:00 часот).

**За достава на медиа плановите и договорите за емитување ППР треба да се користи исклучиво електронската адреса <u>izbori@avmu.mk</u>**

За медиа плановите треба:

- да го користите исклучиво образецот на ДИК;
- да ги испраќате во најкраток можен рок, по нивната реализација, односно откако ќе ги проверите и поправите врз основа на тоа како било емитувано рекламирањето;
- да ги доставувате како Excel фајлови, нескенирани, за полесна обработка, а насловот на секој Excel фајл да го содржи името на медиумот, датумот и нарачателот за кој се однесува.

**За сите прашања поврзани со мониторингот на платеното политичко рекламирање може да ги контактирате:**

- Сашо Петрушевски (за радијата) – на телефон 075/452544 или на е-маил: s.petrushevski@avmu.mk и izbori@avmu.mk
- Теодора Ристовска (за радијата) – на телефон 075/443366 или на е-маил: t.ristovska@avmu.mk и izbori@avmu.mk
- Виктор Стојанов (за телевизиите) – на телефон: 078/431949 или на е-маил: v.stojanov@avmu.mk и izbori@avmu.mk
- Марина Трајкова (за телевизиите) – на телефон: 078/814990 или на е-маил: m.trajkova@avmu.mk и izbori@avmu.mk

**За сите технички прашања поврзани со FTP серверот и прикачувањето на снимки може да ги контактирате:**

- Арѓент Џелили на телефон 070/327991 или на е-маил: argjend.xhelili@avmu.mk
- Горјан Шекеринов на телефон 072/303973 или на е-маил: gorjan@avmu.mk
- Сергеј Тодоровски на телефон 078/431952 или на е-маил: s.todoroski@avmu.mk

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**